ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР**
**Бр.** 04-757/6
**03.07.2024 година**
**Гевгелија**

# ЗАПИСНИК

## од спроведениот практичен испит за инспектор

Согласно со член 43 од Законот за инспекциски надзор ( Сл. Весник на РСМ бр.102/19) и Правилникот за начинот за спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор (Сл. Весник на РСМ бр.238/19), на ден 03.07.2024 год. со почеток 10:00 часот во салата за состаноци во Општина Гевгелија пред комисија за полагање на практичен испит за инспектор формирана од Градоначалник на Општина Гевгелија со арх.бр. 08-842/1 од 27.06.2024 год. **се спроведе** практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор:

Комисијата е во состав:

- **Вера Љатева**-Државен инспектор за животна средина од Одделение за инспекциски надзор во животната средина – Вардарски и Југоисточен регион – ментор
-**Влатко Серафимов** – член на Инспекциски совет во Скопје од обласа на животната средина и заштита на здравјето на луѓето – член
-**Дарко Блинков** – Генерален инспектор за животна средина при државен инспекторат за животна средина од Скопје – член
-**Ана Ристова** – Комунален инспектор во Општина Гевгелија.

Кандидатот за полагање на практичен испит за инспектор е Милица Аџигогова, кандидат за Инспектор за животна средина.

Испитот се спроведе соглсно со член 8. од Правилникот за начинот за спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор, каде кандидатот Милица Аџигогова изврши симулиран инспекциски надзор со планирање и подготовка, спроведување на инспекцискиот надзор со изготвување на акти, затварање и документирање на инспекциски надзор.

По презинтирањето на симулираниот инспекциски надзор од страна на кандидатот , комисијата ги утврди основните бодови и тоа:

- Планирање и подготовка на инспекциски надзор- 15 бода
- Спроведување на инспекциски надзор -30 бода
- Затварање на инспекциски надзор-30 бода
- Документирање на инспекциски надзор-15 бода.

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Димитар Влахов 4, 1480 Гевгелија- Република Северна Македонија
Tel/faks ++389 34 213 979, e-mail:gevgelijao@mt.net.mk
www.gevgelija.gov.mk

Комисијата констатира дека кандидатот Милица Аџигогова **го положи** практичниот дел на испитот за стекнување со лиценца за инспектор со освоени 90 бода.
Практичниот дел за инспектор траеше од 10.00 часот до 12.00часот.

Комисијата за полагање на
практичен испит за инспектор

1. Вера Љатева ____________
2. Влатко Серафимов ____________
3. Дарко Блинков ____________
4. Ана Ристова____________